Друштво за производство, трговија и услуги
ЗЛАТАН 2000 Саветка и др ДОО увоз-извоз
Бр. 03-26/24
06.09 2024 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-8738/1
Датум: 06-09- 2024

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки – работни униформи

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул. "Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган; и

2. ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ЗЛАТАН 2000 САВЕТКА И ДР. ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Финска" бр.48 ТЦ Чento Скопје, претставувано од Саветка Златановиќ, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

### I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки - работни униформи, по спроведена постапка од мала вредност по оглас број 11942/2024, согласно со техничките спецификации кои се составен дел кон овој договор (Прилог 1 кон договорот) и листата на единечни цени (Прилог 2 кон договорот).

### II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната вредност на договорот е 93.500,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност во износ од 16.830,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 110.330,00 денари.

Фактурирањето за испорачаните стоки ќе се врши според единечните цени дадени во Прилог 2 на овој договор со пресметување на данок на додадена вредност според пропишаната стапка.

Член 3

Единечните цени се крајни, фиксни и непроменливи се до конечното исполнување на договорот и во нив се вкалкулирани сите трошоци што носителот на набавката ги има до нивната испорака кај договорниот орган.

## III. НАЧИН И РОК НА ИСПОРАКА

Член 4

Носителот на набавката е должен даземе мерки за секој од вработените во градинката во Министерството за финансии, да ги изработи и/или испорача униформите и обувките – предмет на договорот, во рок од 30 (триесет) календарски дена од денот на приемот на порачката кај носителот на набавката.

За извршената испорака двете договорни страни потпишуваат документ - испратница и/или записник.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 5

Договорниот орган ќе го изврши плаќањето врз основа на доставена фактура од страна на носителот на набавката, по извршената испорака врз основа на писмена порачка.

Фактурата за извршената испорака се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии, ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје.

Кон фактурата задолжително се приложува потпишана испратница и/или записник за извршената испорака.

Доколку доставената фактура не содржи испратница и/или записник за извршената испорака, нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 6

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на начин и во роковите што се определени со овој договор, како и според забелешките, предлозите и насоките дадени од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја изврши испораката навремено и квалитетно согласно со прифатената понуда.

Носителот на набавката се обврзува дека униформите и обувките што ќе бидат испорачани ќе бидат од типот и согласно карактеристиките од техничките спецификации во тендерската документација и понудата прифатена од страна на договрниот орган.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот и начинот за реализација на предметот на договорот.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 7

Договорниот орган е должен да определи лице/а за контакт кои ќе бидат задолжени за следење и реализација на договорот за предметната набавка.

### Член 8

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето за извршената испорака ќе го врши во рокот утврден во член 5, став 5 на овој договор.

## VII. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до целосно искористување на вкупната вредност на договорот.

## VIII. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

### Член 11

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## IX. ВИША СИЛА

Член 14

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 16

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 17

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 18

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 19

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>СКОПЈЕ | ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО<br>ТРГОВИЈА И УСЛУГИ<br>ЗЛАТАН 2000 САВЕТКА И ДР. ДОО<br>УВОЗ-ИЗВОЗ<br>СКОПЈЕ |
| МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | УПРАВИТЕЛ<br>Саветка Златановиќ |

Изработил: Петрина Мале
Проверил: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Андреј Ангеловски
Согласен: Андриана Матлиоска

Прилог 1 кон договорот-Технички спецификации

1. Работна облека за воспитувачи, негователи, техничка служба

**Панталоните - долги (еднобојни)** да бидат изработени со два коси џеба внатрешни за кои џеповината ќе биде изработена од основниот материјал. Колонот да биде изработен со мин.ширина 5 см, без патент, и во колонот вметнат ластик.
Состав на материјалот:72% памук ± 5 %, 20 % полиестер ± 5 %, 8% ликра ± 5 %
Тежина на материјалот: мин.200 г/м2
Собирање на материјалот: макс. 5%
**Количина 18**

2. Работна облека за садомијач/сервер

**Панталоните – долги** да бидат изработени со два коси внатрешни џеба, за кои џеповината ќе биде изработена од основниот материјал. Колонот да биде изработен целосно од ластик, со мин. широчина 3 см., без патент. На ногавиците по средината да има еден видлив раб од предната страна надворешен.
Состав на материјалот: 60-65% полиестер, 35-40% памук.
Вид на платно:„диолен"
Тежина на материјалот: мин.200гр/м2
Собирање на материјалот: макс.5%
**Количина 4**

3. Работна облека за воспитувачи, негователи, садомијач/сервер, техничка служба

**Блуза со долг ракав,** без крагна, напред со патент, благо струкирана , со два коси џеба, должина до средина на колкот, со рендер на вратот и ракавите. Состав на материјалот: 72% памук ± 5 %, 20 % полиестер ± 5 % , 8% ликра ± 5 %
Тежина на материјалот: мин.200гр/м2
**Количина 11**

4. Работна облека за воспитувачи, негователи, садомијач/сервер, техничка служба

Блуза - (еднобојна) маица во "V"израз, со краток ракав,благо струкирана, на левата горна страна со вез да се извезе името и логото на градинката
Состав на материјалот: 100% памук.
Тежина на материјалот: мин.150 г/м2
Собирање на материјалот: макс. 5%
**Количина 44**

5. Работни обувки

**Анатомски кломпи** со перфорирано лице изработено од природна кожа и со затворени прсти, со ремче за затегање, табан исполнет со масажен гел и прекриен со природна кожа отпорна на потење, ѓон од полиуретан, висина кај петата од 2,5-4,5 см. и висина на преден дел од 1-2 см.

**Количина 22**

**Напомена:** Носителот на набавката е должен да земе мерки за секој од вработените во градинката во Министерството за финансии, да ги изработи и/или испорача униформите и обувките – предмет на порачката, во рок од 30 (триесет) дена по земени мерки

Прилог 2 кон договорот- Листа на единечни цени

| | 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|---|
| РБ | Тип на производ | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (2x3) |
| 1 | **Панталоните - долги (еднобојни)** да бидат изработени со два коси џеба внатрешни за кои џеповината ќе биде изработена од основниот материјал. Коланот да биде изработен со мин.ширина 5 см, без патент, и во коланот вметнат ластик.<br>Состав на материјалот:72% памук ± 5 %, 20 % полиестер ± 5 %, 8% ликра ± 5 %<br>Тежина на материјалот: мин.200 г/м2<br>Собирање на материјалот: макс. 5% | 18 | 1.133,34 | 20.400,00 |
| 2 | **Панталоните – долги** да бидат изработени со два коси внатрешни џеба, за кои џеповината ќе биде изработена од основниот материјал. Коланот да биде изработен целосно од ластик, со мин. широчина 3 см., без патент.<br>На ногавиците по средината да има еден видлив раб од предната страна надворешен.<br>Состав на материјалот: 60-65% полиестер, 35-40% памук.<br>Вид на платно:„диолен"<br>Тежина на материјалот: мин.200гр/м2<br>Собирање на материјалот: макс.5% | 4 | 1.133,34 | 4.533,00 |
| 3 | **Блуза со долг ракав,** без крагна, напред со патент, благо | 11 | 1.133,34 | 12.467,00 |


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 633 www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19 издание 4

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | струкирана , со два коси цеба, должина до средина на колкот, со рендер на вратот и ракавите. Состав на материјалот: 72% памук ± 5 %, 20 % полиестер ± 5 % , 8% ликра ± 5 % Тежина на материјалот: мин.200гр/м2 | | | |
| 4 | **Блуза** - (еднобојна) маица во "V"израз, со краток ракав,благо струкирана, на левата горна страна со вез да се извезе името и логото на градинката<br>Состав на материјалот: 100% памук.<br>Тежина на материјалот: мин.150 г/м2<br>Собирање на материјалот: макс. 5% | 44 | 680,00 | 29.920,00 |
| 5 | **Анатомски кломпи** со перфорирано лице изработено од природна кожа и со затворени прсти, со ремче за затегање, табан исполнет со масажен гел и прекриен со природна кожа отпорна на потење, ѓон од полиуретан, висина кај петата од 2,5-4,5 см. и висина на преден дел од 1-2 см. | 22 | 1.190,00 | 26.180,00 |
| | | | ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | 93.500,00 |


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 633
www.finance.gov.mk